**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 31.03.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2022 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година. Објасни дека оваа точка која беше најавена минатата седница е поврзана со јавната набавка за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво, која два пати е неуспешна затоа што цената што ја понудија операторите е доста повисока од таа што е предвидена во Финансискиот план на АВМУ за 2022 година. Од таа причина се

предлага до Советот да се зголемат средствата со што во Финансискиот план за 2022-та година, вкупно планираните расходи остануваат на претходно утврдено ниво. Средствата се зголемуваат од друга јавна набавка – Ревизорски услуги. Посочи дека за детални информации точно од кои ставки ќе се обезбедат средствата објаснување ќе даде раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ.

Раководителот Радуновиќ објасни дека станува збор за зголемување на ставка од 102.000,00 денари, наменети за зголемување на средствата за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво. Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на групната ставка 418 – Останати други расходи која се намалува за 102.000,00 денари и позицијата 418800 – Други расходи која исто така ќе биде намалена за 102.000,00 денари. Со тоа ќе се зголеми групната ставка 417 – Интелектуални и други услуги за 102.000,00 денари и Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – за идентичниот износ. Со овие средства ќе се обезбедат 510.000,00 денари без ДДВ или вкупно 602.000,00 денари со ДДВ за да може да се реализира набавката. Посочи дека во прилог на материјалот по точката е доставена и Предлог-одлуката со истите измени кои ги образложил и Предлог-финансиски план во кој што се направени измените во групните ставки и позициите кои ги презентирал.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно материјалот и образложенијата му е сосема јасно за што станува збор, нема забелешки ни прашања и отвори дискусија.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година, бр.05-591/1 од 10.02.2022 година.

Со предложениот ребаланс на Финансискиот план за 2022-та година, вкупно планираните расходи остануваат на претходно утврдено ниво, односно изнесуваат 133.754.238,00 денари.

Со измените кои што се предлагаат, ќе се дообезбедат финансиски средства во вкупен износ од 102.000,00 денари, наменети за зголемување на средствата за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво.

Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на следните позиции:

- Групната ставка 418 – Останати други расходи се намалува за 102.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 5.378.000,00 денари изнесува 5.276.000,00 денари и
- Позицијата 418800 – Други расходи се намалува за 102.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 5.378.000,00 денари изнесува 5.276.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга - ревизорски услуги за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор во понизок износ од планираниот.
- Групната ставка 417 – Интелектуални и други услуги се зголемува за 102.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 17.252.000,00 денари изнесува 17.354.000,00 денари и

- Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – истражување се зголемува за 102.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 4.630.000,00 денари изнесува 4.732.000,00 денари. Средствата кои се дообезбедуваат од 102.000,00 денари, се однесуваат за изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-1410/3

04.04.**2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**